Прилепска Пиварница

ПРИЛЕПСКА ПИВАРНИЦА АД ПРИЛЕП

# ИЗВЕШТАЈ ОД НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2025 ГОДИНА

АПРИЛ 2026

www.prilepskapivarnica.com.mk

Надзорниот одбор на Прилепска Пиварница АД – Прилеп своето работење го извршуваше континуирано во текот на 2025 год. но и во дел од 2026 год. во периодот по добивањето на Извештајот за работењето на Друштвото во 2025 год. изготвен од Управниот одбор на Друштвото, добивањето на Извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2025 год. од избраната ревизорска куќа како и изготвената и доставена Годишна сметка за 2025 год. заедно со Финансиските извештаи за 2025 год.

При извршувањето на надзорот и контролата над работењето на Друштвото во 2025 год. Надзорниот одбор ги спроведуваше обврските што произлегуваат од Законот за трговски друштва како и од донесените акти на Друштвото.

Информациите за работењето на Друштвото во 2025 год. Надзорниот одбор ги добиваше од Управниот одбор но и со присуство на состаноци на Управниот одбор, потоа од Финансискиот сектор и од другите сектори во Друштвото. Надзорниот одбор во текот на 2025 година согласно Законот за трговски друштва одржа редовни состаноци на кои како точка на дневен ред го имаше разгледувањето и на Билансот на успехот во Друштвото во редовни тромесечни периоди.

Во врска работењето на Друштвото во 2025 година, во делот на управувањето и раководењето, поставените планови за производство, реализацијата односно прометот и постигнување на финансиските резултати Надзорниот одбор констатира дека Друштвото ги оствари финансиските резултати на задоволително ниво имајќи ги во предвид отежнатите услови за работење. Вкупните приходи остварени во 2025 година се во вредност од 2.367.793.345,00 ден., а спрема приходите во 2024 година во износ од 2.410.690.413,00 ден. покажуваат остварување од 98%. Во рамките на наведената реализација приходите од продажба на производи и услуги на домашен пазар се намалени за 3%, додека приходите од продажба во странство се зголемени за 13%, споредени со 2024 година. Пораст на приходите е евидентиран кај финансиските приходи за 4% во однос на 2024 год.

Надзорниот одбор констатира дека водењето на сметководството, искажувањето на приходите и расходите како и искажувањето на финансискиот резултат (добивката) се во согласност со даночните законски прописи во Р. Македонија, прописите за водење сметководство, Меѓународните сметководствени стандарди, донесените акти на Друштвото и донесените сметководствени политики.

На оваа констатација на Надзорниот одбор влијаеше доставениот и разгледан Извештај на внатрешната ревизија за работењето на Прилепска Пиварница АД – Прилеп за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 год. Наведениот Извештај од внатрешната ревизија Надзорниот одбор, согласно обврската од одредбите на ЗТД, го доставува до Собранието на акционери во прилог на овој Извештај за негово разгледување и усвојување.

Врз состојбите искажани во Годишната сметка и во Финансиските извештаи за 2025 година извршена е ревизија од овластената ревизорска куќа ПЕРК РЕВИЗИЈА ПРИЛЕП од истата е доставен Извештај од ревизијата на финансиските извештаи за 2025 год. Во Извештајот на ревизорот е констатирано дека ревизијата е извршена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија со користење на методи на проверување, испитување врз основа на тестови на докази со кои се искажуваат износите (документите), проценка на користените сметководствени принципи и

значајните проценки реализирани од страна на менаџментот, а исто така и со севкупна изработка и презентација на финансиските извештаи.

Ревизорот, врз основа на вака извршената ревизија, даде мислење дека Билансот на состојбата, Билансот на успехот и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот на паричните текови/готовинскиот тек и Извештајот за промените во капиталот за деловната 2025 година даваат реална и објективна слика за финансиската состојба на Прилепска Пиварница АД – Прилеп со состојба на 31.12.2025 год., истите се во согласност со прописите за водење сметководство и Меѓународните сметководствени стандарди за известување кои се применуваат во Р. Македонија, одредбите на Законот за трговски друштва и другите законски прописи кои ја регулираат оваа материја во Р. Македонија.

Во врска со управувањето и раководењето на Управниот одбор и менаџерскиот тим со Друштвото Надзорниот одбор констатира дека тоа е извршувано во согласност со законските прописи и актите на Друштвото, а преземените дејствија на менаџментот во сферата на деловните потфати даваат позитивни резултати.

Оваа констатација Надзорниот одбор ја поткрепува со утврдените финансиски резултати во Билансите што ја сочинуваат Годишната сметка за 2025 година, а особено во Билансот на успехот, каде е утврдено дека:

- Вкупните приходи остварени во 2025 год. во износ од 2.367.793.345,00 ден. во однос на вкупните приходи во 2024 год во износ од 2.410.690.413,00 ден. се намалени за 1,78%, а вкупните расходи во 2025 год. во износ од 2.206.874.884,00 ден. споредени со расходите во 2024 год. во износ од 2.264.684.325,00 ден. покажуваат намалување од 2,55%.
- Остварената добивка пред оданочувањето во 2025 год. изнесува 160.918.461,00 ден. додека во 2024 год. изнесуваше 146.006.088,00 ден. односно има остварено пораст од 10,21%. Остварената добивка е оценета како позитивно остварување на резултатот во крајно неповолните услови за работа во најголем дел од деловната 2025 год.
- Нето добивката по оданочувањето во 2025 год. изнесува 153.121.093,00 ден. додека во 2024 год. изнесуваше 138.473.482,00 ден. односно добивката по оданочување е зголемена за 10,58% и истата е оценета како позитивен резултат со оглед на околностите во кои е остварена како е претходно наведено, а истата во вкупниот приход учествува со 6,47% што претставува позитивно остварување на финансискиот резултат во деловна 2025 година.

Во текот на 2025 год. Надзорниот одбор ја разгледа и предлог Одлуката за распределба на остварената добивка за 2025 год. донесена од Управниот одбор на Друштвото односно добивката во износ од 153.121.093,00 ден. да не се распредели односно да остане во акумулирана добивка. Предлог Одлуката ќе биде доставена на усвојување до Собранието на акционерите на Друштвото во текот на 2026 год.

Надзорниот одбор имајќи го во предвид законското значење на Годишниот извештај за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2025 год. од страна на Собранието на акционери, а во согласност со својата надлежност констатира, оценува и му предлага на Собранието на акционери како следи:

- Констатира дека Извештајот на Ревизорската куќа ПЕРК РЕВИЗИЈА ПРИЛЕП е целосно и квалитетно изготвен, во него не се констатирани приговори на изготвувањето на Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2025 год. како и на нивната содржина и начинот на изготвување и обелоденување, па предлага Собранието на акционери да го усвои Извештајот за ревизијата на финансиските извештаи за 2025 год.
- Предлага Собранието на акционери да ја усвои Годишната сметка за 2025 година и да донесе Одлука како што е предложено од страна на Управниот одбор.
- Предлага Собранието на акционери да донесе Одлука за распоредување на добивката за 2025 год. како што е предложено од Управниот одбор.
- Ја оценува работата на членовите на Управниот одбор и изготвениот Извештај за работењето во 2025 год. како ПОЗИТИВНИ, па му препорачува на Собранието на акционери да го усвои поднесениот Извештај на Управниот одбор и да ја оцени работата на Управниот одбор како успешна.

Надзорниот одбор овој Извештај го изготви со активно учество и неопходно внимание при надзорот и контролата над работењето во 2025 год. и смета дека Извештајов на Надзорниот одбор треба да биде усвоен од страна на Собранието на акционери и врз основа на така усвоениот Извештај на Надзорниот одбор да биде одобрено и работењето на членовите на Управниот одбор за деловната 2025 год.

Прилеп, април 2026 год.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

АЛЕКСАНДАР ЧАТЛЕСКИ

______________________

МЕТОДИЈА САМАРЏИОСКИ

______________________

АЛЕКСАНДАР ДИМИТРИЈЕСКИ

______________________

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп